**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-645/40
6.6.2023 година
Скопје

Универзитетската изборна комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје констатираше дека во предвидениот рок не се поднесени приговори против Одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-645/1 од 30.5.2023 година и Записникот за резултатите од спроведеното гласање на единиците, за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-645/1 од 30.5.2023 година и на 11. седница одржана на 6.6.2023 година, усвои

## КОНЕЧЕН ЗАПИСНИК
### за резултатите од спроведеното гласање на единиците за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година

На 30.5.2023 година од 12:00 до 14:00 часот се спроведе непосредно и тајно гласање, со гласачки ливчиња, со заокружување на редниот број на само еден кандидат за ректор.

Се гласаше на 23 факултети и на 5 институти во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за следниве кандидати за ректор:

(*презиме и име, по азбучен ред*)

1. **Ајдински, проф. д-р Горан,** од Филозофскиот факултет во Скопје;
2. **Ангелова, проф. д-р Биљана,** од Економскиот институт во Скопје;
3. **Дуев, проф. д-р Ратко** од Филозофскиот факултет во Скопје;
4. **Кочов, проф. д-р Атанас,** од Машинскиот факултет во Скопје;
5. **Спасевска, проф. д-р Христина** од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје;
6. **Ташковски, проф. д-р Димитар** од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

На единиците гласањето започна и заврши во предвиденото време.

По добивањето на изборната документација со резултатите од спроведеното гласање на единиците за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година од страна на Изборните комисии на единиците, Универзитетската изборна комисија изврши нивна проверка и сумирање на резултатите од гласањето на единиците во состав на Универзитетот.

Според доставените записници и извештаи на Изборните комисии на единиците, е констатирано дека во Записникот на Фармацевтскиот факултет резултатите се изразени со две децимали додека во Извештајот резултатите се изразени со три децимали. Комисијата одлучи да ги земе предвид резултатите изразени со три децимали од Извештајот, согласно со Упатството. Гласањето во целост е спроведено во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Упатството за постапката за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

За време на процесот на гласање, на дел од единиците беа присутни дел од овластените набљудувачи од кандидатите за ректор.

Според Избирачките списоци на единиците, запишани се вкупно **1 419** гласачи.

На денот на гласањето, за избор на ректор гласаа **1 251** члена на Наставно-научните / Научните / Наставно-научните и уметнички совети.

По извршеното гласање **168** гласачки ливчиња се неискористени и **29** се неважечки. Резултатите од гласањето, изразени во бројот на поени што ги освоил секој кандидат на секоја единица, се следниве:

| ***Р. бр*** | ***Единици на УКИМ*** | **Ајдински, проф. д-р Горан,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Ангелова, проф. д-р Биљана,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Дуев, проф. д-р Ратко,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Кочов, проф. д-р Атанас,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Спасевска, проф. д-р Христина,** *кандидат за ректор* (освоени поени) | **Ташковски, проф. д-р Димитар,** *кандидат за ректор* (освоени поени) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Архитектонски факултет - Скопје | 17,391 | 95,652 | 0,000 | 60,870 | 0,000 | 26,087 |
| 2 | Градежен факултет - Скопје | 39,130 | 47,826 | 8,696 | 13,043 | 43,478 | 47,826 |
| 3 | Економски факултет - Скопје | 9,524 | 76,190 | 4,762 | 38,095 | 38,095 | 33,333 |
| 4 | Машински факултет - Скопје | 18,868 | 56,604 | 0,000 | 64,151 | 15,094 | 45,283 |
| 5 | Медицински факултет-Скопје | 16,949 | 113,559 | 15,254 | 38,983 | 10,169 | 5,085 |
| 6 | Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје | 57,895 | 26,316 | 21,053 | 36,842 | 31,579 | 26,316 |
| 7 | Правен факултет „Јустинијан Први“-Скопје | 25,397 | 60,317 | 15,873 | 15,873 | 38,095 | 44,444 |
| 8 | Природно-математички факултет-Скопје | 35,955 | 53,933 | 0,000 | 22,472 | 56,180 | 31,461 |
| 9 | Стоматолошки факултет - Скопје | 14,286 | 135,714 | 10,714 | 14,286 | 25,000 | 0,000 |
| 10 | Технолошко-металуршки факултет -Скопје | 52,381 | 38,095 | 4,762 | 9,524 | 61,905 | 33,333 |
| 11 | Факултет за ветеринарна медицина-Скопје | 35,897 | 138,462 | 0,000 | 5,128 | 15,385 | 5,128 |
| 12 | Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје | 15,385 | 61,538 | 61,538 | 15,385 | 15,385 | 30,769 |
| 13 | Факултет за драмски уметности - Скопје | 41,379 | 34,483 | 6,897 | 41,379 | 34,483 | 41,379 |
| 14 | Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје | 5,882 | 5,882 | 5,882 | 0,000 | 55,882 | 126,471 |
| 15 | Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје | 32,258 | 25,806 | 3,226 | 32,258 | 51,613 | 54,839 |
| 16 | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје | 21,818 | 69,091 | 14,545 | 43,636 | 47,273 | 3,636 |
| 17 | Факултет за ликовни уметности - Скопје | 9,524 | 114,286 | 19,048 | 28,571 | 19,048 | 9,524 |
| 18 | Факултет за музичка уметност - Скопје | 102,703 | 43,243 | 0,000 | 10,811 | 16,216 | 27,027 |
| 19 | Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје | 12,500 | 87,500 | 50,000 | 18,750 | 31,250 | 0,000 |
| 20 | Фармацевтски факултет - Скопје | 23,529 | 58,824 | 17,647 | 23,529 | 17,647 | 58,824 |
| 21 | Филозофски факултет - Скопје | 45,283 | 22,642 | 93,340 | 11,321 | 15,094 | 11,321 |
| 22 | Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје | 25,397 | 38,095 | 38,095 | 44,444 | 25,397 | 28,571 |
| 23 | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | 11,111 | 144,444 | 22,222 | 0,000 | 22,222 | 0,000 |
| 24 | Економски институт - Скопје | 0,000 | 183,333 | 0,000 | 16,667 | 0,000 | 0,000 |
| 25 | Земјоделски институт-Скопје | 9,524 | 142,857 | 9,524 | 0,000 | 38,095 | 0,000 |
| 26 | Институт за земјотресно инженер. и инж. сеизмологија - Скопје | 75,000 | 50,000 | 0,000 | 37,500 | 37,500 | 0,000 |
| 27 | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје | 0,000 | 11,765 | 35,294 | 0,000 | 0,000 | 152,941 |
| 28 | Институт за сточарство и рибарство-Скопје | 111,111 | 22,222 | 0,000 | 0,000 | 22,222 | 44,444 |
| | **Вкупно освоени поени** | **866,078** | **1 958,681** | **459,372** | **643,519** | **784,308** | **888,043** |

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

1. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Ајдински, проф. д-р Горан**, редовен професор, освои **866,077** поени.
2. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Ангелова, проф. д-р Биљана**, редовен професор, освои **1958,679** поени.
3. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Дуев, проф. д-р Ратко**, редовен професор, освои **459,372** поени.
4. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Кочов, проф. д-р Атанас**, редовен професор, освои **643,518** поени.
5. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Спасевска, проф. д-р Христина**, редовен професор, освои **784,307** поени.
6. Кандидатот за ректор на Универзитетот, **Ташковски, проф. д-р Димитар**, редовен професор, освои **888,042** поени.

Во согласност со член 180, став 8 од Статутот на Универзитетот, Универзитетската изборна комисија донесе Одлука за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-645/1 од 30.5.2023 година, со која констатираше дека според доставените резултати од страна на изборните комисии (ИК), од спроведеното непосредно и тајно гласање на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година е избрана:

- **проф. д-р Биљана Ангелова,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје.

Против оваа Одлука и Записникот за резултатите од спроведеното гласање на единиците бр. 02-645/1 од 30.5.2023 година, незадоволните кандидати имаа можност да поднесат приговор до УИК во електронска форма на е-адресата: uik@ukim.edu.mk и во архивата на УКИМ од 31.5.2023 година до 5.6.2023 година, до 16:00 часот.

Во предвидениот рок од три работни дена немаше поднесено приговори од кандидатите за ректор, согласно член 182 од Статутот на Универзитетот.

**Одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година бр. 02-645/1 од 30.5.2023 година е конечна.**

Овој Записник се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

УНИВЕРЗИТЕТСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Родна Живковска, *претседател* ______
2. Проф. д-р Зоран Богатиноски, *член* ______
3. Проф. д-р Биљана Зафирова, *член* ______

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

4. Проф. д-р Анета Јовковска, *член* ______________

5. Проф. д-р Сашо Јосимовски, *член* ______________

6. Проф. д-р Коста Митрески, *член* ______________

7. Студент Ивана Балоска, *заменик-член* ______________

(име, презиме и потпис)

М.П